## Кои се симптомите?

Симптомите на делириум се јавуваат ненадејно, и вклучуваат измени во физичката и менталната состојба на лицата. Лица со делириум може:

- да изгледаат збркани и расеани
- да не се сигурни кое време е во текот на денот или каде се наоѓаат
- да не се во состојба да посветуваат внимание
- да се однесуваат различно од вообичаено
- да имаат промени во нивното функционирање т.е. во движењето, способноста да се грижат за себе
- да бидат многу вознемирени, поспани, тивки и повлечени или да имаат комбинација на овие симптоми
- да имаат промени во спиењето, на пример, да се будни во текот на ноќта и поспани во текот на денот
- да се чувствуваат исплашени, вознемирени, нервозни, лути или тажни
- да гледаат нешта што не постојат, меѓутоа тие се вистински за нив
- да губат контрола при мокрење или празнење на дебелото црево (инконтиненција).

## Што предизвикува делириум?

Делириумот често се поврзува со некоја основна физичка болест или воспаление. Во другите чести причини за појава на делириум кај постарите лица се вклучуваат:

- тешкотии при одењето во клозет (имаат запек или неспособност да го испразнат мочниот меур)
- дехидрација или недоволна исхранетост
- сериозни болки
- лекови, вклучувајќи лекови кои се купуваат без рецепт
- премногу пиење алкохол
- откажување од алкохол, цигари или лекови, посебно од таблети за спиење
- промени во средината на лицето, на пример, лицето е во болница.

Причината не може секогаш да се утврди.

## Како започнува делириумот?

Симптомите на делириум се јавуваат многу брзо, обично за неколку часови или денови. Однесувањето на лицето исто така може брзо да се менува во текот на еден ден.

Понекогаш за делириумот погрешно се мисли дека е деменција или депресија, затоа важно е семејството и пријателите да го известат медицинскиот персонал ако дојде до ненадејна промена во менталната состојба на лицето.

## Колку долго трае делириумот?

Делириумот обично трае само неколку денови, меѓутоа понекогаш тој може да трае со недели или дури месеци.

Ако делириумот не се лекува брзо, тоа може да доведе до подолготраен престој на лицето во болница, како и до сериозни компликации, на пример, паѓање, рани од предолго лежење, па дури и смрт.

## Дали делириумот повторно ќе се појави?

Лицата кои имале делириум се изложени на поголем ризик повторно да го доживеат.

### Како се лекува делириумот?

**Персоналот ќе изврши комплетна здравствена проценка за да може да ја утврди и лекува основната причина на делириумот. Ако се утврди физички проблем, лицето ќе се лекува соодветно (на пример, со антибиотик за воспаление на уринарниот тракт).**

**Лекувањето исто така понекогаш има за цел да се ублажат симптомите и да се намали ризикот да се појават компликации.**

## Улогата на семејството и негувателите

Лицата со делириум се смируваат кога ќе видат познати луѓе. Семејството и пријателите се поттикнуваат да останат со нивниот најблизок.

Членовите од семејството и негувателите исто така можат да им дадат вредни информации на персоналот што го негува лицето со делириум. Важно е персоналот да се информира за било какви ненадејни промени во менталната или физичката состојба на лицето.

***Може да се добие поддршка за негувателите***. Ве молиме, известете ги медицинските сестри ако ви е потребна поддршка вам или на други членови од семејството.

## Како можете да помогнете и да негувате лице со делириум

- Зборувајте бавно со јасен глас. Кажете го вашето име и името на лицето со кое зборувате.
- Избегнувајте да се карате.
- Поттикнувајте го и помогнете му на лицето да прима соодветна храна и течности.
- Потсетувајте го лицето каде се наоѓа, кој ден е и колку е часот. Отворете ги завесите во неговата соба во текот на денот. Ако лицето знае колку е часот, можеби ќе биде помалку збркано.
- Ако лицето обично носи очила или слушни помагала, помогнете му да ги стави и проверете дали тие се во ред. Ако лицето има оштетен вид или слух, тоа може да предизвика да се чувствува повеќе збркано.
- Ако лицето е вознемирено или агресивно, не се обидувајте да го контролирате. Ако сака да шета, дозволете му да го прави тоа, но обидете се да обезбедите да не може да падне и да нема опасности во околината.
- Донесете работи кои ќе помогнат лицето да се потсети на неговиот дом, на пример, фотографии, пењоар, радио или ЦД плеер/касетофон со омилената музика.

- Известете го персоналот за сите лични податоци на лицето што можат да му помогнат да се смири и насочи, на пример, имињата на членовите од семејството и пријателите, неговот хоби, значајни настани, итн.

## Што е делириум?

Делириум е чест здравствен проблем кој се карактеризира со промени во менталното функционирање.

Делириумот и неговите симптоми се јавуваат во краток период, за неколку часови или денови. Тој обично трае само неколку денови, но може да трае и подолго време.

Делириумот се јавува почесто кај постарите лица, но може да се појави кај лица на било која возраст. Делириумот може да биде сериозна болест.

Делириумот може да се спречи во многу случаи. Лекувањето на делириумот зависи од тоа дали ќе се утврдат и лекуваат основните причинители.

## Кој е изложен на ризик?

Лица кои:

- се многу болни или изнемоштени
- имаат когнитивни нарушувања (поранешни или сегашни), вклучувајќи деменција, интелектуална попреченост или мозочна повреда
- имале делириум претходно
- се постари од 65 години, или над 45 години за лицата од абориџинско потекло и лицата од островите во Torres Strait
- примаат повеќе лекови или неодамна ги промениле лековите
- имаат хируршки зафат, на пример, операција на срце, колк или нервите
- страдаат од депресија
- имаат лош вид и/или оштетен слух.

## Колку често се јавува делириумот?

Околу едно од пет постари лица кои се примени во болница, и околу половина од лицата сместени во старечки домови, имаат делириум при некоја фаза во нивната нега.   Делириумот може да се појави на било која возраст.

***Ако сте загрижени во врска со делириумот или имате било какви прашања, разговарајте со вашиот локален доктор или распрашајте се кај персоналот во болница.***

## Контакти

**Carers Australia - NSW Carer Line**
1800 242 636
www.carersaustralia.com.au

**My Aged Care**
1800 200 422
www.myagedcare.gov.au

**National Dementia Helpline**
1800 100 500

**Dementia Australia**
www.dementia.org.au

**NSW Agency for Clinical Innovation**
Програма за нега на постари лица во збркана состојба во болница
www.aci.health.nsw.gov.au/chops

Adapted with permission from Northern NSW Local Health District and Delirium Care Pathways, Department of Health and Aging, Canberra. 2010.

This brochure has been produced as part of the Care of Confused Hospitalised Older Persons Program and funded through the NHMRC Cognitive Decline Partnership Centre, 2018.

2HACI08   март 2020   0061 03/20

Macedonian

# Delirium
# Делириум

**Оваа брошура содржи информации за лицата кои се изложени на ризик од делириум или кои биле во делириум, како и за нивните семејства и негуватели.**

NSW GOVERNMENT | AGENCY FOR CLINICAL INNOVATION